Снежана ФИЛИПОВА

**УДК: 741.033.2(497.7)**

# РАНОВИЗАНТИСКИ КАПИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Кратка содржина**

*Корпусот на рановизантиски капители на територијата на Република Македонија откриени со ископувања, со рекогносцирања или како случајни наоди вон контекст, односно сполии изнесува над 468 примероци. Најголем дел е датиран или се поставува во втората половина на 5. или првата половина на 6. век. Преовладуваат импост капители за мено, а втори по застапеност се јонските импости. Застапени се и специфични новокреирани облици: комбинација на „корпа" и импост капител, импости и четворолисен капител, импост и капител со маска, како и суперпозирани – дуплирани импости. Во периодот на 5 и 6 век можат да се издвојат 5 главни ателјеа (школи), односно пет различни креативни стилски групи на на мајстори кои ги поврзува користењето на исти предлошки. Аналогијата на дел од нашиот материјал, со оној употребен од работилниците ангажирани на базиликите во Сикион; Ахеиропоиетос во Солун, базилика А во Неа Анхијалос и базиликата на Леонидас во Лехајион кај кои е докажано присуството на константинополско ателје, зборуваат за престолнички модели кои се следеле. Стобиските примери од 5 век пак укажуваат најверојатно на солунско ателје или модел. Во Стоби и на ротондата во Конјух се видливи и ориентални стилски тенденции, кои би можеле да укажат на сириски модели.*

***Клучни зборови:*** *РАНОВИЗАНТИСКА АРХИТЕКТОНСКА СКУЛПТУРА, КАПИТЕЛ, ЈОНСКИ, ЈОНСКИ ИМПОСТ, ИМПОСТ, КОРИНТСКИ, КОМПОЗИТНИ, СТИЛИЗИРАНИ, ДЕГЕНЕРИРАНИ ТИПОВИ КАПИТЕЛИ, ПРОЦЕС НА КОМБИНАЦИЈА НА КАПИТЕЛИ, ТЕКТОНИКА И ДЕКОРАЦИЈА НА КАПИТЕЛИ, РОТАЦИЈА НА МОТИВИ/ОРНАМЕНТИ, СТИЛ, РАБОТИЛНИЦИ, УМЕТНИЧКИ ЦЕНТРИ, УМЕТНИЧКИ ВЛИЈАНИЈА, ИМПОРТ, СПОЛИИ, ХРОНОЛОГИЈА.*

Археолошките рекогносцирања и присуството на архитектонска пластика во околината и во составот на црковни објекти покажуваат дека, освен педесет ископани базилики од кои повеќето се наоѓаат во градовите, што се и епископии (осум во Стоби, три во Хераклеја, две во Баргала, две во Скупи, една во Лихни-

дос), постојат уште најмалку двесте и педесет ранохристијански базилики на територијата на Република Македонија.[1] Еден дел се наѓа во склоп на тврдини што, во касната антика, ги има околу петстотини,[2] а другиот во рамките на триесетина градови.

Територијата на денешна Република Македонија во доцната антика влегувала во рамките на префектурата Илирик, и диецезите Македониа (во најголем дел) и Дакија Медитеранеа, а била поделена на најмалку пет провинции со свои главни градови: Дарданиа со Скупи, Epirus Nova со Дирахион, Dacia Mediterrania со Сердика, Macedonia Secunda со Стоби и Macedonia Prima со Тесалоника.[3]

Одамна се лоцирани следниве пет епископски центри: Стоби, Скупи, Хераклеја, Лихнидос, Баргала, а три се претпоставени: Запара (Крупиште или Коњух, кај второво Микулчиќ ја сместува станицата Транупара[4]), Доберос (Исарот, с. Марвинци, Валандово), Тибериолополис (Струмица).[5] Бројните мартириуми, крипти, реликвии, и големиот број цркви зборуваат за рано развиени и популарни култови на мартири и светители.[6] Целиот 4. в. и првата половина на 5. в., на нашата територијата, се во знакот на тешката борба на христијаните со политеистичките култови. Притоа, прво, во градовите го прифатиле монотеистичкото христијанство, а во руралните области дури на крајот на 5. в. и потоа, масовно во 6. в.[7]

Динамиката на подигнување цркви покажува дека се издвојуваат три периоди од кои, првиот, 4. в., е застапен само со една

---

[1] В. Лилчиќ, *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за животот по животот,* II том Македонска Цивилизација, 2002, 516. И. Микулчиќ, *Антички градови во Македонија,* Скопје 1999, 322, наведува дека на терен се евидентирани остатоци од најмалку 300-320 ранохристијански цркви.

[2] Микулчиќ, *Антички градови,* 208. Авторот наведува дека вкупната должина на касноантичката гранична линија на подрачјето на Република Македонија изнесува околу 950 км, долж кои се изградени најмалку 130 утврдени кастели.

[3] Лилчиќ, *Каменот II,* 531. За меѓусебните граници подетално види кај Микулчиќ, *Антички градови,* 207–221. Тој смета дека Полог со Шара го чинеле сз. агол на провинција Македонија и дека се граничеле со Превалитана (Микулчиќ, *Антички градови,* 217).

[4] Микулчиќ, *Антички градови,* 359–60.

[5] К. Трајковски, „Три нови епископски средишта источно од Вардар", Християнската идея в историята и културата на Европа, *Зборник БАН,* 114–119. Микулчиќ смета дека ова име за Струмица се употребувало само во раноцарско време, а потоа името Доберос. *Антички градови,* 359–60.

[6] B. Aleksova, *Loca Sanctorum Macedonia*, Skopje 1997, 41–78, 165.




**Јонски капители**

сл. 1-2 Мородвиз; сл. 3 Св. 15 Маченици, Струмица, сл. 4-5 Лапидариjум на Музеj, Завод и Галериjа Охрид; сл. 6 и 13 Осма базилика, Стоби; сл. 7 Полошки Лаки, Полошки манастир, Кавадарци; сл. 8 *Extra Muros* и сл. 9-11 Епископска базилика Баргала; сл. 12 Св. Никола, Крупиште; сл. 14 Епископска базилика, Стоби


1


2


7


6


11


8


3


12


4


5


13

**Јонски импости со архаични карактеристики (акцентиран јонски дел, големи волути), релативно низок импост и канал**
сл. 1 Покрвеник, Преспа, базилика, сл. 2 Давина, Чучер, базилика А, сл. 3 с. Злокуќани, Скупи, Скопје, сл. 4 Музеј во Тегеја, Грција, сл. 5 Базилика во Амфиса (Грција)

Импости со проширено кружно лежиште и благо заоблен средишен дел на подолгите страни: сл. 11 Стоби, Мал Ѓеристил, Партениусова Палата; сл. 12 Паликура базилика; сл. 13 Ел Бара, Сирија

**Јонски импости со полукружни перници од типот *небесен рај*** (според В. Лилчиќ) сл. 6 Давина Чучер, Скопје, сл. 7 Нерези, околина на Св. Пантелејмон, Скопје; сл. 8 Дебреште, Прилеп


6


7


8


10

**Јонски импости са доминантен импост и ехинус во облик на лунула-полумесечина:**
сл. 6, 7, 8 Епископска базилика, Стоби;
йсл. 9 Св. Илија, Браилово, Прилеп;
сл. 10 Хераклеја, Мала базилика


9





сл . 11 јонски импости со погрешно сватен или обратно поставен мотив - Бела Црква Прилеп
сл 12. со волути поставени на нееднаква висина - Дреново

сигурно датирана црква – старата Епископска базилика и нејзината крстилница во Стоби, додека вториот, 1/2 на 5. в. и третиот, крајот на 5. в. до 3/4 на 6. в., покажуваат масовна и интензивна изградба на црковни објекти, врзани со големиот интензитет на ширење на христијанството на територијата на Источен и Среден Балкан.[8]

Најголем дел од остатоците на црковен мобилијар од камен се од 2/2 на 5. и 6. в., времето на Јустинијан I. Ова е резултат на општата ситуација во Византија.[9] Во 6. в. архитектонската скулптура доживува полна експанзија поради демографскиот и економскиот развој на Византиската Империја, меѓу 380 и 550 г. Кога економијата е во експанзија, црквата, со ширењето на религијата, во голема мера го зголемува своето богатство и улогата во управувањето со градовите и со селата. Епископите, покрај императорот, стануваат главни градители на јавните градби во Империјата.

К. Хатерсли Смит ги истакнува неправилностите во распоредот на мозаиците на Епископската базилика во Стоби што се последица на донација на неколику ктитори.[10] Според Марли Манго, немало голема разлика меѓу трошоците за изработка на столб и одреден дел на мозаик.[11] Јустинијан, со Новелата бр. 67, во 538 г., наредил донаторите на дел или на цел црковен објект и неговата декорација да докажат, пред надлежниот епископ, дека имаат доволно средства не само за изградба на објектот туку и за неговото одржување и функционирање.[12]

---

[7] Лилчиќ, „Архитектонска камена пластика во Република Македонија-ранохристијански период„, (текст за цд *Библијата низ историјата и уметноста во Македонија*, II дел, издание на Каламус, напишан 11. 07. 2000 г. во припрема за печат), стр. 10.

[8] *Ibid*, „Траги на ранохристијански базилики во средното Повардарие„ *,Лихнид 7*, Охрид, 69-80; 79/80.

[9] J. P. Sodini, C. Barsanti, A. G. Guidobaldi, "La sculpture architecturale en marbre au VI siecle a Constantinople et dans les regions sous influence Constantinopolitaine", *ACTA XIII CIAC,* Split 1998, 301-376, 301.

[10] K. Hattersley-Smith, "The Early Christian churches of Macedonia and their Patrons", *BF*, 1995, 229-234.

[11] Hattersley-Smith, "The Early Christian churches", 232.

[12] *Ibid.*, 234.

Два фактора извршиле особено влијание врз архитектонската скулптура на 6 век: зголеменото распростирање на оваа скулптура на византиската територија и на нејзините гранични подрачја и појавата на базилика со купола и експанзијата на цркви со централен план и ѕидани куполи. Оваа архитектура ја ограничила примената на архитектонската скулптура.[13]

Во периодот на 1/2 на 5. век, со црковен мобилијар од камен се опремени базиликите на Св. Еразмо и онаа во Октиси, Северната, Централната и Фунералната базилика во Стоби, Базилика Б (Голема) во Хераклеја, црквите во Подлес и Дреново[14], а во 2/2 на 5. век црквите во Мородвис и Св. Петнаесет маченици во Струмица, поликонхалната катедрална црква на Плаошник и базилика кај Студенчишта, во Охрид, II-та фаза на Големата базилика во Хераклеја и Епископската базилика во Стоби, првата фаза на Паликурската базилика кај Стоби и првата фаза на Епископската базилика во Баргала.

Од времето на Јустинијан I се базиликите и пластиката од: Бегов даб (Македонска Каменица), Св. Спас, Матка и базилика А од Давина кула, Скопје, фунералната базилика во Скупи, Малата базилика во Хераклеја, *Extra Muros* кај Стоби, базиликите кај Св. Атанас, с. Покрвеник (Струга), тие кај с. Крупиште и с. Криви Дол и втората фаза на Епископската базилика во Баргала, крај Штип, Св. Богородица и Св. Никола, Варош, Прилеп, кај Суводол и прилепските села Троекрсти, Витолиште, Зрзе, Дебреште, Слепче, Браилово, Небрегово, Бела Црква, Градот, Манастир-Мариово, како и ротондата и базиликата кај с. Коњух, Кратово.

Концентрацијата на базиликите е најголема околу големите градски центри и епископиии. Сепак, тие се градат насекаде, особено во котлините и на висорамнините на Пелагонија. Тоа се обични селски цркви. Поголемите опидуми (Виничко Кале, Виница è малите страдарски кастели (Кале, Свилари Горно или Кука, Рогле) исто така имаат свои цркви кои се послабо истражени.

Во средината на 6. в. се одвива последниот обид за обнова на христијанската на подрачјето на Хераклеја, Давина Чучер, како и преку Осмата и Паликурската базилика во Стоби итн.

---

[13] Sodini, Barsanti, Guidobaldi, „La sculpture architecturale.“ 303.

[14] Лилчиќ, К*аменоѿ II*, 533.



сл. 1-4 Коринтски капители Стоби, непознато место на наоѓање освен сл. 2 просторија со апсида с. од Епископска базилика
сл. 5-9 **Епископска базилика,** композитни капители. сл. 10 Мородвис, сл. 11-12 Дреново



**Осумлисни капители** са две и една зона акантусови лисја
сл. 13 Епископска Базилика; Баргала, сл. 14 аналоген капител пронајден во околината на базиликата, меѓу термите и цистерната; сл. 15-16 с. Чајлане, Скопје; сл. 17 Осма базилика, Стоби, сл. 18 Лопате, Куманово; сл. 19 Охрид



1a



1b



1c



2



1d





3



4





5

Стоби, Епископска базилика, сл. 1-3 фигурални капители со пауни, Народен Музеј, Белград, сл. 4 крипта на Св. Димитрија во Солун, пиластер капител сл. 5 Археолошки Музеј во Цариград

Големите застои и промени во прозводството на камена пластика се случуваат речиси секогаш во периодите непосредно по големите варварски продири. Атила со Готите, околу средината на 5. в. и по 476 г., одеднаш ја прекинале програмата на т.н. китнест стил во Средно Повардарје како што го нарекува В. Лилчиќ (тука припаѓаат спомениците во Стоби, Дреново и Подлес).[15]

## Рановизантиски капители во Република Македонија

Капителот е многу битен функционалан елемент во архитравната и лачна конструкција, а често е и носител на стилот. Поради тоа претставува важна индикација за датирање на спомениците на кои им припаѓа. Функционалниот и декоративен аспект на византиските капители ја условил нивната многуобразност и богатство, што е и очекувано ако се познаваат изворите од кои се црпело влијание и искуство при формирањето на рановизантиската уметност.[16] При тоа основа на сите текови во развојот на византискиот капител претставуваат рановизантискиот коринтски и јонски капител, наследство на античката архитектура. Капителите од 5 и 6. в. станале неминовен узор за подоцнежните византиски творци, макар што овие ретко успеале да ги достигнат.[17] Разликата во продукцијата на различните центри на производство се гледа и во применетите мотиви, материјалот и техниките.

Со археолошки ископувања во 60-тите, 70-тите и 80-тите години на 20 век, а во последните две децении почесто, преку рекогносцирања а не помалку и од случајни наоди и забележани сполии кај нас, евидентирав преку 466 рановизантиски капители. Најголем дел е датиран или се поставува во 2/2 на 5. или 1/2 на 6 в. Преовладуваат импост капители за мено, а втори по застапеност се јонските импости. Застапени се и специфични новокреирани облици: комбинација на „корпа“ и импост капител, импости и четворолисен капител, импост и капител со маска и суперпозирање – дуплирање на импости. Ова зборува за инвентивноста на

---

[15] Лилчиќ, „Архитектонска пластика“, ЦД, стр. 13.

[16] Ваклинова, Овчаров, *op.cit.*42.

[17] *М. Шуйуш, „О кайишелима и њиховом украсу во срйски црквама XIV века“, Саойшшења XXXIV- 2002, 145-154, 145.*

мајсторите, која се огледа и во изборот на мотиви. Така, акантусовите пердувести листови на еден композитен и на еден фигурален капител од наосот на Епископската базилика во Стоби и низата од перли која го дели јонскиот дел од киматионот на еден јонски импост од оваа базилика, немаат блиски аналогии.[18]

Единствен украс, изведен особено пластично со фини прекршувања на горната површина на релјефот, или еден особен начин на обликување на капителот се употребува само во рамките на една или на неколку генерации обликувачи од една скулпторска работилница.

Методот на компарација и анализа, на сите капители кои се слични на оние сигурно датираните, помага да се воспостави редослед во една низа на капители и така овозможува да се отфрли релативната хронологија која, најчесто, се наведува во трудовите и извештаите од ископувањата, што е речиси редован случај кај нас. Сепак, така може да се третираат само еден дел од познатите ранохристијански капители.

Капители кои се правилен модел, технички совршено изработени, на кои се угледале другите, кај нас се ретко застапени, освен увезените, така што можноста за хронолошка осцилација е поголема, а со тоа и релативната хронологија станува уште порелативна ако не се земат предвид останатите индикатори – пред сè археолошкиот контекст. Кога недостига тој, остануваат само малите технички или стилски детали, иако и тие можат да отсуствуваат или да се анахронизам, односно усогласување со стилот на постарите примероци.

## Стилски тенденции

Забележуваме паралелно постоење на *прогресивни и на архаизирачки* елементи кај тектониката и кон декорацијата на одредени типови капители – јонски, јонски импости и четворолисни. Тектонски, *архаичноста* кај јонскиот и јонскиот импост капител подразбира многу стегнати, на средина, перници, испакнат ехинус, подлабоко врежани спирали на волутите и средишно „око“, прецизно изработени волути, канал над ехинусот, хоризонтална лента која го маркира преминот меѓу јонскиот и импостниот дел и

[18] Николаевић, *Рановизантијска*, 11.




**Фигурални двозони капители со орли со раширени крила:** сл. 1 а,б и сл. 2 Хераклеја, Мала Базилика; сл. 3 Епископски Двор, Хераклеја; сл. 4 Подлес, Велес; сл. 5 Дреново, Св. Богородица, сполија вградена во прагот на црквата, сл. 6 и 7 Баргала, Епископска базилика (премногу откршен да бидеме сигурни дали е протом на орел или гулаб)




**Корпа капители:**
сл. 1 Стоби, Осма базилика, сл. 2 Баргала, Епископска базилика,
сл. 3 Каиро, Музеј; сл. 4 Св. Марко, Венеција
**Капители со маска**: сл. 5 Св. Петар, Голем Град, Преспа, олтар; сл. 6. Манастирец, лок. Вршник, Кавадарци; сл. 7 Долно Чичево- Велес (4 в.) сл. 8 Прилеп, црква Св. Димитрија, сл. 9 Археолошки Музеј, Софија

волутите што излегуваат вон од долната широчина на предните страни на импостот, како и голема косина на страните.[19] Кај декорацијата на ехинусот, ова подразбира понатамошно присуство на трите овали со лушпи и со стрелки, палмети кои поминуваат од волутите кон ехинусот, пореалистично претставено копјесто или ловорово лисје на перниците, или канелури, како на античките примероци.

Кај композитните капители, архаичноста се огледа во понатамошно профилирање на абакусот, во постоењето на вистинска абакусова ружа, а не некој друг цвет, хелици, меснат „византиски тип" на акантус , како и во постоењето на каулис.

Кај четворолисните капители се задржуваат хелици и во доцниот 6 в., како и профилиран абакусова, абакусова ружа е убаво изработена, но ретко во форма на цвет.

Според Николаевиќ, од прогресивни црти, па дури предводеле, покажуваат јонските импост капители од галериите на Епископската базилика во Стоби. За Китцингер изборот на декорацијата на некои капители од оваа црква е знак на револуционерниот став на мајсторот кој бил ироничан кон одредени модни трендови. Склоноста кон експериментирање ја гледаме во создавањето нови варијанти – комбинации на капители каде импостот е основа на која и се додава или декорацијата од четворолисните капители или неговиот долен дел преминува во форма на кошница, или абакусот добива човечка маска.

Зголемувањето на значењето и потенцирањето на абакусот на јонскиот импост капител карактеристично за 5. и 6 в.[20] не добило голем замав кај нас. Исклучок е еден примерок од Горица Виница. Аналогни примероци се ретки и во Византија, два потекнуваат од Ефес, од храмот на Св. Марија, и се резултат на италијанско влијание.[21] Веројатно и појавата на висок и украсен абакус во нашиот материјал е резултат на влијание од Адријатикот.

---

[19] Vemi, *Les Chapiteaux Ioniques,* 27.

[20] Soddini, „La Sculpture Architecturale", 252.

[21] Herrmann, *The Ionic Capital,* 186. Овие шематизирани капители од Ефес покажуваат дека западноевропската архитектонска декорација во голема мера влијаела на настанокот на нови типови во Мала Азија, во рановизантискиот период.

Кај *импостите, оваа тенденција кон зголемување на височината на абакусот е многу присутна*, а комплетно претворање на абакусот во голема коцка гледаме кај капителот сполија од с. Козјак, пренесен од Баргала. Исто така кај *композитните, а особено кај четворолисните капители може да се констатира истата појава на зголемување на абакусот* (Мородвис, Осма базилика, Стоби, Баргала). Пропорционално висок абакус е белег на поголем број типови капители од Св. Катерина на Синај.[22]

Во декорацијата имаме и појава на ориентализација кај одделни декоративни мотиви што прлегаат на современите тенденции во Византија (повторна употреба на рогот на изобилие, т.н. поделена палмета кај врамениот кемпфер). Пластиката од Коњух има карактеристики кои Радојчиќ ги поврзувал со источни влијанија.[23]

*Ориенталните тенденции*, под влијание на архитектурата на Сирија, доаѓаат до израз во Стоби, на малиот перистил на Партенисуовата палата, каде се креирани капители кои не ги среќаваме на друго место. Тие имаат, на средината на подолгите страни, проширување во вид на полуцилиндер, како да се работи за долен дел од некој столб кој навлегол и се споил одоздола, со страничните делови на капителот. Крајниот резултат на оваа тенденција го гледаме на сириските примери од Муглеј, Ел Бара во Сирија од 6 век. Појавата на капители украсени со тордирани канелури, на почетокот на 5 век, се врзува за територијата на Сирија и на Македонија, а нашите примери од Теодосијанската палата се со супериорна изработка.

Користењето на шестокраката и на компас розета, впишани во круг, кај импостите и кај јонските импости од Стоби, Охрид, Прилеп и кај пластиката од Коњух, може повторно да се поврзе со сириските модели, каде овие мотиви масовно се аплицираат на корнизи, на капители, на довратници.[24]

Најчесто, декорацијата на едноставните импости и на јонски импости е работена со врежување или барелјеф, а внатрешната линија која го следи цртежот на централниот крст, како и поставувањето на овал на пресекот на краците, се локално обележје кое важи за Беотија, за Атика и за Пелопонез.[25] Оставањето на

---

[22] Maguire, *The Capitals and other Granite Carvings*, 282.

[23] Радојчић, „Црква во Коњуху", 161, 164

[24] I. Pena, *The Christian Art of Byzantine Syria*, Madrid 1997.

[25] J. P. Sodini, „Remarques sur la Sculpture Architecturale d' Attique, Béotie et du Péloponnése a l' Époque paléochrétienne", *BCH* 101, I, 1977, 423–450; 440. (Ponatamu Sodini, „Remarques")



**Кемпфери**: сл. 1 сполија од куќа на Фердо, с. Козјак, Штип;
сл. 2 Мала базилика, Хераклеја; сл. 3 Хераклеја, сл. 4 Рамна, Раменска тумба, Битола; сл. 5 Давина, Чучер; сл. 6 сполије од Св. Димитрија во Битола,
сл. 7 Мал перистил на Партениусовата Куќа; сл. 8 Еписк.опска базилика, Стоби, сл. 9 цистерна на лок. Големо Градиште, Коњух, Кратово
Импост капители за столбци или поставувани над коринтски/композитни капитела: сл. 11 Осма базилика, Стоби; сл. 12 Хераклеја, Голема базилика; сл. 13 Северна базилика, Стоби; сл. 14 Куќа на Партениус, сл. 15 Охрид, Лапидариум, сл. 16 Епископска базилика, Стоби

делови од декорацијата (најчесто волути или јонски киматион) незавршени, т.е. неповрзувањето на дупчињата од сврдел во линија, не е секогаш е знак на состојба на незавршеност, туку може да биде мода, која ја следеле и нашите обликувачи, применуван и во римскиот период (пиластер капителите од театарот во Стоби). Кога незавршеноста се јавува на различни страни на ист примерок кои помалку или воопшто не се гледаат, се работи за економичност на изработката.

### Причини за промена на дизајнот

За В. Беч, промената на тектониката на капителот може да уследи поради промени на владејачката династија, а декоративните мотиви можат да бидат династички симболи. Како доказ тој ги наведува варијантите на коринтски капител. Промените на теодосијанскиот капител во доцниот 5. и во 6. век, кога се создадени лира тип и типот „покриен одозгора“ се толку вештачки, сведени на различен распоред на надворешните хелици, што е објасниво со династичка мотивација.[26]

Некои истражувачи ги толкуваат одредени промени како естетски избор.[27] Разгледувајќи ја декорацијата на скулптурата од црквата во близина на Никополис, Дебрен, и по текот на Струма (Сандански), Ваклинова заклучува дека релативната оригиналност на локални ателјеа, според изборот на декоративните мотиви и композиции може да е резултат на оддалечување од мотивите позајмени од големите ателјеа (можеби поради игнорирање на симболиката на истите). Секундарен резултат на оваа оригиналност е една примитивна култура. [28]

### Потеклото на декорацијата, патиштата на универзалната примена на орнаментите

Забележливо е преминувањето на орнаментиката од еден род пластика на друг, од еден тип капител на друг и, постепено, ишчезнување на правиот акантус. Така, киматионот со ехинусот

[26] Betsch, *The History*, 345.

[27] Eunice Dauterman Maguire, „A Revolution“, 167.

[28] Ваклинова, „Ateliers de decoration dans la region de Nikopolis ad Nestum“, *Miscellanea Bulgarica 5,* Wien 1987, 641Ђ649, 644

на јонскиот капител преминува не само меѓу волутите на композитниот и на долниот раб на четворолисниот капител туку и на вратот на импостите (епископски базилики во Баргала и во Стоби). Крстот доаѓа на местото на потесните страни на абакусот (Давина Чучер), од косиот челен дел на импостот, преминува на горниот импост кај двоспратните-дуплирани импости (Баргала), од импостите се спушта во делот на ехинусот, кај јонскиот импост капител од Плаошник. Мотивот на преклопени лаци преминува на абакусот (Виница). Декорацијата на ехинусот и на перниците (издолжени водени листови, комбинирани со копјест) преминува во импостот, а декорацијата на балтеусот е продолжение на декорацијата на подолгите страни на јонскиот импост капител (Баргала, Епископска базилика).

Стилски, преовладуваат константинополски влијанија кои се и директно присутни преку импортот, пред сè на композитните и фигурални капители. Ово зборува за силните врски на локалните епископски центри со престолнината. Посредничките ателјеа или гостувачки мајстори били инволвирани на одредени проекти во големите епископски центри во Стоби, Хераклеја, Баргала, Лихнид. Најголем број репрезентативни примероци е откриен во Епископската базилика во Стоби  и во Малата базилика и во Епископскиот двор во Хераклеја. Нарачувачите и донаторите биле модерни луѓе кои се стремеле кон квалитет како во поглед на материјалот така и во поглед на декоративната програма и на изведбата. Се преферирал мермер за поважните и видливи елементи. Полихромијата, како мода на времето, се изразува и преку присуството на неколку вида камен и преку боење и позлата на делови од црковен мебел и на пластика. Брзо се прифаќале и се следеле најновите уметнички струења во рановизантиската културна сфера. Проблемот на користење ист извор кај мотивите употребени кај мозаиците и кај црковниот каменен мебел заслужува понатамошно внимание и проучување.[29] Идните ископувања во Хераклеја и на Плаошник, како што покажаа и новооткриените мозаици, можат да донесат уште повеќе репрезентативен материјал кој, и покрај делувањето на времето, а, во последно време и на поединци, успева да ни ги осветли лицата.

[29] Николајевић, „Заједнички декоративни мотиви", 223

Преминувањето на декоративните мотиви типични за другите родови пластика на капителите почнува најпрвин кај импостите и јонски импости каде, на импостниот дел, се појавуваат мотиви вообичаени за фризови, столбови, а тоа се канелури со перли, во долниот дел. *Брановидниите канелури* од саркофазите и перниците на јонските капители (Муродвис, Централна базилика, Стоби) се селат на фасциите на импостите од јонските импости (консигнаторијум на Епископската базилика во Стоби), на нивните ехинуси (Бела Црква, Прилеп; баптистеријум на Епископската базилика во Стоби, или перници (баптистеријум на Епископската базилика во Стоби) што се сретќава и во Грција,[30] а многу плитки, како потсетување на некогашните канелури, покажува капителот од Св. Илија, с. Браилово, Прилеп.

Од саркофазите доаѓаат и *„акротериите“* кои преминуваат на фасцијата на јонските импости (Стоби, галерии на Епископската базилика), што е, исто така *престолничко влијание,* кое го гледаме во Грција и во Италија.[31] Елегантниот крст од палмови лисја, типичен за декорацијата на саркофазите, преминува на четворолисните капители во Хераклеја.

Од еден на друг тип капители ротира *јајчестиот киматион* кој, од ехинусот на јонскиот капител, преминува не само на композитните капители туку и на долниот раб на импостите (Скупи, Централна базилика и Епископска базилика, Стоби).

Декорацијата типична за перниците на јонскиот капител – комбинирање на копјести и на издолжен воден лист, подоцна, исто така преминува на импостите (Св. Филип, Зрзе, Прилеп; капител од Лапидариумот во Стоби), аналогно на јонскиот импост капител од Амфиса. [32] Водениот лист го фланкира крстот или ги декорира потесните страни на сполиите од Св. Никола, Крупиште и капителот од Виничко кале, станува единствен мотив на чаша капителот од Св. Петнаесет маченици, Струмица, а го наоѓаме и на конзолите од Палатата на Партениус во Стоби .[33]

---

[30] Ова го покажуваат и капителите од Парос. Vemi, *Les Chapiteaux Ioniques,* no. 251.

[31] Sodini, „Remarques“, 447, сл. 53, 54.

[32] Vemi, *Les Chapiteaux Ioniques,* Pl 11, 30a, b.

[33] Николаевић, *Рановизантијса*, сл. 135.

Од мозаиците се позајмуваат **крлушките** (лицето на импостот од Лапидариумот во Охрид, пронајден во околината на баптистериумот на Плаошник, исполнет со крстови, палмети, розети). Аналогна композиција на крлушки, исполнети со флорални и со геометриски мотиви, покажува плочата од Анкаре, датирана во 6. в.[34] И перниците на јонските капители од Баргала имаат декорација од крлушки комбинирани со закосени стригили и одвоени со јаже.

Од олтарските или од парапетните плоча, мотивот на *христограм вметнат во медаљон* од кој долу се извиваат две ленти и завршуваат со бршленови лисја, се префрла на импостниот дел (Дреново, Злокуќани) а во 6 век слегува во ехинусот (Плаошник, Охрид, каде христограмот е претворен во едноставен крст, а бршленови лисја нема, туку лентите се спојуваат со спиралите на волутите).

*Рогот на изобилието* е хеленистичко влијание кое се појавува на импостите и на фигуралните капители (Епископска базилика, Стоби и Хераклеја; Хераклеја, Епископски двор), а изедначувањето на формата а, со тоа, и на значењето на евхаристичкиот кантарос и на рогот на изобилието, се случува кај фигуралните капители (Стоби, Епископска базилика, капител со мали биковски протоми). Комбинацијата од два рога кои долу се стегнати со лента ја гледаме кај импостите од наосот на Епископската базилика во Стоби, а се повторува во низа на абакусот од импостите од Филипи, базилика Б.[35] Мотивот „ножици" на композитните капители од Епископската базилика во Стоби се среќава на внатрешниот рам на транзените од оваа базилика и во Св. Витале во Равена (кои се увоз од Цариград). Преминувањето на акантусовите лисја од коринтскиот односно композитниот на импост капителот може да се третира како експеримент или како екстрем во оваа тенденција кој, кај нас, не е забележан, но се јавува во Цариград и во Херсонес.[36]

---

[34] N. Firatli, *La sculpture byzantine figuree au Musee Archaeologique d'Istambul*, Paris 1990, 156, катал. бр. 309. Коментирајќи го овој орнамент, Фиратли нагласува дека крлуштите многу ретко се исполнуваат со животни, и единствен познати пример доаѓа од мозаикот на тетраконхосот во Охрид. *Ibid*, 157.

[35] Hodinott, *Early Byzantine Churches,* T 55.

[36] C. Barsanti, L' importazione di manufatti marmorei degli opifici del proconneso nelle citta del Mar nero durante il IV-VI secolo, *Bulgaria Pontica Mediiaevi III*, 197-225, 222, 223.


1


2


4


3


7


6


5


9


8


12


11


10


13

**Капители за пиластри**
сл. 1, 6 Скупи, Старски Дом, Скопје; сл. 2 с. Тимјаник, Неготино (Музеј во Неготино); сл. 3 Хераклеја, Голема базилика; сл. 4 Баргала, депо; сл. 5 Пештерица, Прилеп, сл. 7 Кушадаси

**Импости со врат**: сл.8 Баргала, Епископска базилика, сл. 9 Стоби, Централна базилика, сл. 10-11 Епископска базилика, Стоби; сл. 12 Охрид, лапидаријум на Музеј; сл. 13 Скупи



Стоби, импости за мено и јонски **импости украсени со канелури**:
1-2 и 10 Епископска базилика, сл. 3-5 Централна базилика, сл. 6 Епископска Резиденција, сл. 8 Куќа на Псалми, сл. 7 Северна базилика, сл. 8 Куќа на Псалми,сл. 9 Теодосијанска Палата, сл. 11 консигнаториум на Еп. базилика, сл. 12 баптистериум на Еп. базилика

**Чаша (котле) капители** сл. 13 лапидаријум на Музејот Завод и Галерија Охрид, сл. 14 с. Подлес, Велес, сл. 15 Јазо, Рашлиш, сл. 16 Хераклеја,
сл. 17 Скупи, сл. 18 Св. 15 Маченици, Струмица, сл. 19 Стоби;
сл. 20 Домус Фулоника, Стоби; сл. 21 монолитен капител од олтарот на црквата Св. Богородица во Варош

## УВОЗ

Овде само ќе резимирам кои капители во литературата се третирани како увоз бидејќи не е познато дали некој од истражувачите презел петрографска анализа на материјалот и, со тоа го докажал тврдењето:

- фигуралните двозони и „кошница“ капителите од Баргала Алексова и Манго ги сметаат за импорт, работен од проконезиски мермер и се поврзуваат со споменици од Истанбул и Никополис (овие биле под престолничко уметничко влијание).

Позлатените теодосијански или двозони капители, применети на Поликонхалната цркви на Плаошник се секако увоз. Треба да се очекува дека ваква скапа техника е престолничка.[37]

За два капитела од Епископска базилика во Стоби кои имаат киматион со мотив на ножици, В. Беч смета дека се импорт, или локална доработка на увезени примероци, доведени до втората фаза на изработка, и ги датира во 2/2 на 5. в. [38]

И. Николаевиќ смета дека црквите во Хераклеја биле украсени со пластика од Константинопол и упатува на двозоните капители на епископскиот двор.[39]

Стоби, Скупи и Хераклеја, благодарејќи на своите тесни врски со уметничките центри, можеле да бидат посредници меѓу византиските уметнички центри и градовите на провинцијата во пренесувањето на уметничките влијанија.[40]

## Работилници (ателјеа)

За капителите и декоративната скулптура на Епископската базилика во Стоби се смета дека се работени од некое солунско ателје или од провинцијско ателје кое ги следело престолничките модели. Мислењата на неколку истражувачи почнуваат да се разликуваат кога се работи за датирањето на капителите, Николаевиќ се согласува со Егер дека, во Стоби, најверојатно се работи

---

[37] Грозданова,*Ранохристијански,* 40, слика 9 ц.

[38] Betsch, *The History, 385.*

[39] Николајевић, Заједнички декоративни мотиви, 225.

[40]Николајевић, Рановизантиска, 34, 35. Тогаш не биле познати фигурални капители од Хераклеја, заради што авторката не сметала на овој град како можен посредник.

за солунско ателје и ги датира како капители од други фази во 2/2 на 5 в.[41] В. Беч смета дека, кај капителите, за разлика од амвонот, канцелите и парапетните плочи кои се импорт од времето на Јустинијан, не може да се работи за константинополско ателје кое работело на самото место или за импорт, туку за провинциски адаптации на престолнички форми и дизајн и ги датира во 3/4 од 6 в.а[42] Лилчиќ издвојува дека кај два композитни капитела е применет акантус карактеристичан за 6 век, и дека тоа можеби се подоцнежни примероци – замена на оштетени.[43] Меѓутоа, според него, изградбата на голема базилика кај с. Подлес и с. Дреново мора да била иницирана од христијанската општина на Стоби. „Пластиката на Епископската базилика во Стоби, во Подлес и во Дреново е единствена програма, поврзана со уметничките кругови на Солун и на Истанбул која настанала во 3/4 на 5 в., во единствена акција и економско-историски услови“.[44]

Посредно, преку декорацијата на импостите со широк лепезест лист од Лехаион и Коринт кои се врзуваат за престолничко влијание може да се доведат во врска и јонските импости од Епископската базилика во Баргала. „Акротерии“ или лаци на импостот во кои е сместена декорација која се издвојува од останатиот дел капители ги поврзува јонските импост капители од галериите на Епископската базилика во Стоби, со примероците од Истанбул, Коринт и Равена.[45] Ваква декорација не се среќава никаде на друго место на нашата територија. Можеби крајниот декадентен финиш на овој детаљ е присутен кај примероците од Царичин град, каде волутите се подигнале и влегле во импостниот дел, односно настанал спој на хелиците кои се спуштиле и се поклопиле со надворешниот канал кој ги спојувал волутите, а сега се претворил во V линија.[46]

Бидејќи е утврдена заемна поврзаност, односно зависност на работилниците од базиликите во Сикион; Ахеиропоиетос, во

---

[41] *Ibid.*, 32.

[42] Betsch, *The History*, 111–112

[43] Лилчиќ, *Каменот II*, (849, 851).

[44] „Тешко е да се замисли дека минуциозните каменоклесарски дела би ги нарачале жителите на тогашните планиски села. Елементите на овој скулпторски програм не се регистрирани на ниедно друго место на територијата на Република Македонија...“ Лилчиќ, „Архитектонска пластика“, стр. 9, ЦД.

[45] Zollt, *Kapitellplastik*, 1994, Т 4, 10а, Sodini, „Remarques“, 447, сл. 53, 54.

[46] Николајевиħ, Рановизантиска, сл. 86–88, 90,92–95.




**Четирилисни капители:**
со мали димензии сл. 1 Дреново; сл. 2 Конјух, ротонда, сл. 3, 4 Стоби, Епископска Базилика, 7, 8 Стоби, Централна базилика; сл. 5 Криви Дол, Штип, сл. 6 Скупи; сл. 9 Охрид; сл. 10 Св. Арханѓели, Претор; сл. 11 Варош, Прилеп; сл. 12 Оризари, Скопје; сл. 13 Долни Балван, Штип; сл. 15 Смоквица, Брест.
**Големи 4лисни капители** со крст 17-18 Баргала; и со **декор** на цвет што никнува на местото на спојување на хелиците и со овал со лушпа при дното:
сл. 16 Виничани, Бурлатици, Велес, сл. 14 Извор, Стара Црква, Велес;
сл. 18 Охрид, лапидаријум;
**Монолитни четворолисни олтарски капители:** сл. 19 Хераклеја, Мала базилика, иконостас, сл. 20 Хераклеја, депо на Музеј Битола, сл. 21 Суводол, базилика, иконостас, сл. 22 Чебрен, Прилеп сл. 23 Баргала, Еп. базилика

Солун , базилика А во Неа Анхијалос и таа на Леонидас, во Лехаијон од константинополско ателје,[47] елементите на декорација кои ги поврзуваат нашите примери со материјалот од овие објекти зборуваат за престолнички мајстори или за модели кои се следеле.

Јонските импост капители од Прилеп, Лилчиќ ги коментира вака: „според стилско-уметничките вредности и изработка, работени се во заеднички манир на локална камено-резбарска школа која заостанува зад тогашните поголеми центри. Орнаментиката на капителите, техничктата изработка и стилско-уметничките квалитети индицираат истородна група споменици изработени во крајот на 5. до средина на 6 в. По квалитетот оваа пластика во с. дел на Пелагонија не заостанува зад истовремените споменици на централниот и ј. дел на Пелагонија.“[48]

Импостите за мено од базиликата откриена во околината на стариот Св. Климент на Плаошник, Охрид, се декорирани со богати расцветани крстови со уникатен квадрат на пресекот на краковите на крстот, а присутен е и евхаристичен кантарос кој, како и крстот, е извор на животот, од кој блика вегетација со гроздови. Начинот на кој витиците кои се развиваат од крстот и завршуваат со спирален завој преминуваат на потесните страни е адекватен на сполијата од трибелонот на Св. Наум (кој има ист крст со квадрат), на помладите импости за прозорци од Епископската базилика во Стоби и капителите за мено од ротондата во Коњух.

Пластиката наменета за одредена зграда е работена на самото место. Кај луксузните објекти биле ангажирани мајстори од големите производни центри, особено кога во близина се наоѓал некој голем уметнички центар.[49]

Од досега изложеното може да се одредат следниве ателјеа:

1. а) гостувачко ателје кое работело во Стоби на изработката на перистилот на делот од куќата наречена Теодосијанска палата и ги изработило столбовите и коринтските капители со извиткани канелури, веројатно во поч. на 5 век; аналогни примероци не се откриени на ниедна друга локација, реупотреба на вакви столбови гледаме во базиликата во Паликура и, веројатно, се позајмени од овој објект;

---

[47] Zollt, „Das Ionische Kämpferkapitell“, 64

[48] Лилчиќ, „Нови ранохристијански наоди“, 108.

[49] Ваклинова, Овчаров, Рановизантиски, 40.



**Ротација на мотив на крлушти:** сл. 1 лапидаријум Охрид, сл. 2 Горица Виница; сл. 3 и 6 базилика во Суводол, сл. 4 Цариград, Археолошки Музеј,
сл. 5 Баптистеријум, Плаошник; с сл. 7 Цариград, Музеј на Св. Софија, осликан псевдо столб;
**Ротација на мотив на розета**: сл. 8 Троекрсти, Прилеп;
сл. 9 Нерези, Св. Пантелејмон, Скопје, сл.10 Еп. базилика, Баргала
сл. 11 Давина, Чучер, сл. 12 олтарско столбче- сполија, Св. Богородица, Матка, сл. 13 Паликура базилика во Стоби, сл. 14 Еп. базилика, Стоби;
**Ротација на мотив на спирални витици** сл. 15 Стоби, Епис. базилика,
сл. 16-17 Еп. базилика, Баргала; **Рог на изобилие** сл. 18 Стоби, Епис. базилика,
сл. 19 Паликура базилика, венец, сл. 20 Баргала, епис. базилика

б) нешто подоцна е ангажирано ателје кое работело во Стоби, во Подлес, Дреново, на двозоните фигурални и композитни капители и дел од јонските импости (со акротерии и перли); тоа е можеби локално ателје поврзано со солунските уметнички кругови, а ја применувало модата на Цариград или се работи за гостувачко, веројатно солунско ателје кое работело на самото место;

2 а) ателје кое работело во Хераклеја на завршување-изработка на фигуралните двозони капители од Епископскиот двор (крај на 5 поч. на 6 век), се разликува според изработката на овновските глави, на рогот на изобилието, а, пред сè, на акантусовиот лист од долната зона и се поврзува со најквалитетните примероци од Равена, Александрија, Филипи, кои се престолнички по потекло;

б) уште едно ателје многу подоцна (средина на 6 век), ги изработило двозоните капители со орли и кемпферите со обложени страни на Малата базилика, четворолисниот капител со крст во облик на палмово стебло и уште еден од градската фонтана во Хераклеја;[50] ова не мора да биде престолничко, туку посредничко ателје кое пренесувало престолнички влијанија;

3. а) ателје кое ги изработило фигуралните двозоните и „корпа“ капителите од Баргала во 1/2 на 6 век е секако составено од мајстори кои одлично ја познавале престолничката уметност или потекнувале од Цариград; постоењето на врат импостите ги поврзува со јонските импости од Царичин град, кои се под престолничко влијание.

4. локалното ателје кое ги изработило јонските импости во Св. Петнаесет маченици во Струмица, еднобродната црква во Мородвис, импостите во Дреново и во Епископската базилика во Стоби ги поврзува преферираниот мотив на извиткани полугранки акантус кои фланкираат крст, инспирирани од современите константинополски модели, за кои доаѓаат аналогии од Неа Анхилаос, а кои пак се врзуваат со престолнината;

4. локално ателје(а) кое работело во прилепскиот регион кон крај на 5. до средина на 6 в., а можеби и на баптистериумот на

[50] Ваков облик на крст со елегантна изработка кој подсеќа на палма потекнува од престолнината и се датира во 6. век. Verni, *Les Chapiteauh Ioniques*, 50, цртеж 133, фусноте 144 и 145. Најблиска аналогија дава големиот јонски импост капител од Св. Димитрија во Солун, кој има и аналогни листови на фино назабен акант. Види Zollt, *Kapitellplastik Konstantinopels*, T 50.

Епископската базилика во Стоби, како и на импостите за мено на Централната базилика во Стоби, ги поверзува темата крст фланкиран со розети, но изведбата на прилепските примероци ретко (само кај капителот од с. Троекрсти) е на завидно ниво;

5. „Охридската школа“ која работела на Св. Еразмо, на објектите на Плаошник и во околината на Охрид е локално ателје(а) кое има добра техника (мал осмолистен капител од Св. Еразмо, импост со врат и капител во облик на чаша со закосени канелури од Лапидариумот на Музејот), користи квалитетен мермер и понекогаш оди до барокност и до пренатрупаност на површината со орнаменти (импост со кантарос од Плаошник, нови наоди, импост со мотив на крлушки кој е пронајден многу порано во околината на Поликонхалната црква), и се одликува со крст со проширени краци кои, на пресекот на краците, формира квадрат.

(Рецензент: *проф. д-р Виктор Лилчиќ*)

## ЛИТЕРАТУРА


В. Лилчиќ, *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за животот по животот,* II том Македонска цивилизација, 2002, 516.

*Ibid.,* „Нови ранохристијански наоди околу Прилеп", *ЗАММ,* 1984:87-109,

И. Микулчиќ, *Антички градови во Македонија,* Скопје 1999,

B. Aleksova, *Loca Sanctorum Macedonia*, Skopje 1997

J. P. Sodini, C. Barsanti, A. G. Guidobaldi, „La sculpture architecturale en marbre au VI s. a Constantinople et dans les regions sous influence Constantinopolitaine", *ACTA XIII CIAC,* Split 1998

N. Firatli, *La sculpture byzantine figuree au Musee Archaeologique d'Istambul*, Paris 1990

Маргарита Ваклинова и Димитьр Овчаров, *Рановизантиски паметници от България IV-VII век*, София 1978

Vaklinova, „Ateliers de decoration dans la region de Nikopolis ad Nestum", *Miscellanea Bulgarica 5,* Wien 1987, 641–649

Vassiliki Vemi, *Les Chapiteaux Ioniques À Imposte De Grèce À L'Époque Paleochrétienne*, *BCH*, Supplément XVII, Athénes, 1989,

Иванка Николајевић Стојковић, Рановизантијска архитектонска декоративна пластика у Македонији, Србији и Црној Гори, Београд: Византолошки Институт САНУ, 1957.

*Ibid.*, „Стоби и архитектонска декоративна скулптура V века у Македонији", *SAS III*, Titov Veles, 1981:179–196.

Снежана Филипова, *Архитектонска декоративна скулптура во Македонија, 5-6 и 11-12 век*, Скопје 1997

*Ibid.,* „Декорацијата на рановизантиските капители во Република Македонија", *ГЗ ФФСк 25,* 1998, 165–205

*Ibid.,* „Неколку нови наоди пластика од Црквиште Мородвис, и нивната улога во одредувањето скулптурални ателјеа во рановизантиската скулптура во Македонија", *МН 11* (1999), 78-90 .

Joachim Kramer, *Sculpturen mit Adlerfiguren am Bauten des 5. Jahrhundrets nach Christus in Konstantinopel*, Berlin 1968;

*Ibid.,* „Bemerkungen zu den methoden der klassificierung und datierung frühchristlicher oströmischer kapitelle", *IM 45,* 43-98.

Friedrich Wilhelm Deichmann, „Säule und Ordnung in der frühchristlichen Architektur", *Mitteilungen des Deutschen Archäeologischen Instituts*, Romische Abteilung, 55, 1940, 114–130.

*Ibid.,* Ravenna, Hauptstadt des spätantiken Abendlandes, Stutgart, 1989

Snežana FILIPOVA

# EARLY BYZANTINE CAPITALS IN MACEDONIA: MAIN TYPES AND SCHOOLS

## Abstract

*There are over 466 Early Byzantine capitals that originate mostly from Early Byzantine basilicas found in the Republic of Macedonia, yet there is a good percentage coming from unknown sites, accidental findings or spoliae, where the impost type and the four-leaf capitals prevail. All the known types do exist, and the most rare and the best quality ones are the imported basket capitals from Bargala, figural two-zone pieces from Heraclea, Bargala, and those produced or finalized in situ at Stobi, related to the workshop of Thessalonica, that followed the Constantinopolitan models.*

*Ionic type of capitals has been produced very rarely (a few from the Bishopric basilica and the b Extra muros basilica in Bargala, the one nave church in Morodvis, the Northern basilica in Stobi), but the Antique spolia of this type are combined with the new impost type, thus creating the two-partite Ionic impost capital (Stobi, Bargala, Ohrid). In the course of the 6$^{th}$ C, the usage of not decorated imposts with high abacus is evident, or there are variants with accented ridges (Episcopal Palace at Bargala and the small peristyle of the Partenius Palace in Stobi).*

*Archaic forms that are above all manifested in the form of the Ionic part of the Ionic impost capital (Davina Èuèer, Basilica A; Zlokuæani; Pokrvenik, Resen), and the decoration, are rare to find (cross with letter ro on two four-leaf capitals from Bargala; Crkvište, Melnica, Prilep). Flute like ornament transfers from the column, cornices and sarcophagus to the pilaster, impost, four-leaf and Ionic impost capitals, as additional motif or as divider of motifs (Stobi; Heraclea; Varoš, Prilep; Jazo, Rakliš; Konjuh, rotunda; Vinica), and the helices are to a large extend used even in the late 6$^{th}$ C., mostly at the four-leaf capitals (Konjuh, Ohrid, Scupi, Krivi Dol, Štip, Bargala) or have integrated and became part of the leaves (Bargala).*

*The simplification of the form and the stylization of motifs take progress in the 6$^{th}$ C. parallel to the process of loss of high relief. Thus the Eucharistic cantaros the water springs out from turns into stylized triangle (Ramna, Ramenska Tumba).*

*There are, even though rarely, motifs not understood properly or represented upside down (Plaošnik, impost with cantaros, the*

*handles; upside down depicted cross with an ivy leaf that springs out of it on the Ionic impost capital from Bela Crkva, church of Holy Virgin, Prilep). Locally popular motif at each sculptural element of decorative sculpture is the rope.*

*The development of the types in the late 5$^{th}$ and the 6$^{th}$ c. is visible at the Ionic Impost capitals and figurative capitals from the Episcopal basilica in Stobi. In the course of the 6$^{th}$ C. the widely accepted phenomenon of a "carpet of ornaments" has been used by our sculptors and it covers mostly impost capitals (Lapidary of the Museum of Ohrid, new findings at Plaošnik).*

*The refined lace-like technique is not so rarely used (Ionic impost capital from Morodvis, two basket capitals from the Episcopal basilica in Bargala, and several Ionic impost capitals from the galleries of the Episcopal basilica in Stobi). The "framed" kempfer from Heraclea, an Ionic impost capital from Drenovo), and also the gilding of the surface (composite capital, Ohrid, and another one from the colonnade of the naos of the Episcopal basilica in Stobi). There/ are creations of new types of capitals that are made by combining two existing types (four-leaf capital from Karabièane, Kumanovo; capital decorated with masks is combined with impost: St. Peter, Golem Grad, Prespa; impost with basket results in kettle-cup like or doubled impost as it has been named, where the upper one is like high abacus, and the lower one like kempfer: Lukovica, Makedonska Kamenica). Doubling the impost or the abacus is as well present as the four-leaf or decadent Corinthian capitals applied at the altar cancels (Bargala, Heraclea, Eighth basilica, Stobi, Èebren, Pokrvenik, Zmijanec).*

*The rotation of the decoration becomes evident. Once typical for one type of sculptural element or capitals, certain type of decoration now transfers to other elements and capitals. Also some ornaments become common for each visual art technique and sometimes are used simultaneously in all art works in a single object.*

*Also the ex voto consecrations and texts inscribed on the abacus are not rare to find (Museum of Ohrid, Lapidary; Konjuh, rotunda; Bargala, Bishops' basilica). The only capital containing monogram comes from the Small basilica (A) in Heraclea and belongs to bishop John, while some usually depicted motifs inscribed in a real medallion made of leaves (mostly the cross) decorate Ionic Impost capitals (Zlokuæani, Skupi; Drenovo, Stobi, Episcopal basilica).*

*Figurative compositions are frequently depicted, yet limited to the Ionic Impost capitals from the region of Prilep, and the figurative capitals from Stobi and Heraclea (the scenes of struggle and hunt or Eucharistic ones are sometimes combined, or flanking a cross). The*

*figures are usually various types of birds, in most cases pigeons, sometimes accompanied by fishes (the court of St. Nicholas, Prilep; Heraclea) which sometimes even have wings (baptistery of the bishops' basilica in Stobi).*

*There are capitals that are typical local products, along with those that show influence of the models produced at large centres, first of all Constantinople that might have been spread out by mediators or directly applied by guests' craftsmen. Also there are imported luxurious modern pieces. Some bishopric sees live in continuous prosperity, reconstructing their large basilicas, and some like Stobi and Scupi have to survive, satisfied with little, after attacks, devastations and earthquakes they have faced in the last decades of the 5$^{th}$ and at the start of the 6$^{th}$ C. Far away from the centres, yet rich places, like the mining center around Konjuh still continue to function in the late 6$^{th}$ C.*